Одбележувајќи ги двата големи јубилеи од борбата на македонскиот народ за слобода, ШКВ Скопје72 со голема почит кон борците кои ги дадоа своите животи за слободата на Македонија, го објавува **ПЕТТИ** шаховски фестивал на ветерани под мотото **„Незаборав за хероите 1941-1944“**. Во рамките на Фестивалот ќе се одржат три турнири на кои ќе се натпреваруваат шаховски ветерани С60, а победниците се стекнуваат со титула Шаховски првак на Скопје за ветеранска категорија „С60“ (шахисти родени 1966 или порано) и тоа:

- Ветерански првак во блиц шах (5‘ + 3“)
- Ветерански првак во рапид шах (15‘ + 10“)
- Ветерански првак во стандард шах (90‘ + 30“)

Сите турнири се рејтингуваат (регистрираат) во Меѓународната шаховска федерација ФИДЕ.

Врз основа на горенаведеното, се донесува следната

**О Б Ј А В А на БРЗОПОТЕЗЕН (блиц) ВЕТЕРАНСКИ ШАХОВСКИ ТУРНИР**

Турнирот ќе се одигра во 11(9) кола, швајцарски систем, со право на учество на шаховски ветерани С60 кои се на листата на македонската шаховска Федерација.
Турнирот ќе се игра на **12 октомври 2026** г, со почеток во 10,30 ч. во просториите на ресторанот ЕСНАФ, кај Три Бисери во општина Аеродром.

- Организациониот одбор го сочинуваат: Љубомир Хаџи-Манев, Влатко Бужаровски, Драган Наунов
- Директор на турнирот: Илија Стошевски
- Турнирот ќе се игра по правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Играчите ќе имаат по 5 минути за партија со додавање 3 секунди по потез почнувајќи од првиот.
- Турнирот ќе се рејтингува во ФИДЕ
- Судија на турнирот: Љубомир Хаџи-Манев, национален судија.

Распоредот на турнирот:

- Потврда на пријавата (лично) на 12 октомври заклучно до 10.15 ч.,
- Првото коло ќе започне веднаш после свеченото отворање, односно во 10,30 ч.
- Прогласување на победници и доделување на наградите ќе биде веднаш по завршеток на последното коло.

Придонес на учесниците кон техничката организација и наградниот фонд изнесува минимално 500 денари, според можностите на учесниците. Со оглед на ограничениот простор, Организациониот Одбор го задржува правото за објавување на дефинитивна листа на учесниците.

Наградниот фонд изнесува 11.500 денари, распореден во пет награди:
I. 4.000 ден., II. 3.000 ден., III. 2.000 ден., IV 1.500 ден., и 1.000 ден. за најдобро пласиран од последните 8 рангирани.
При делба на место, редоследот на наградените се одредува според: 1. Бухолц -1, 2. Бухолц, 3. Прогрес, 4. Меѓусебна средба

Победникот се стекнува со титула **Ветерански првак на Скопје за 2026 година во категорија – блиц** и ќе добие пригоден пехар, а првите тројца добиваат Признанија.

Ги покануваме шаховските ветерани од град Скопје да се пријават за турнирот. Контакт телефон 074 / 205 236 – Илија Стошевски или на е-меил: veterani.skopje72@gmail.com

**Ветерани, ве очекуваме на турнирот!**

Скопје, 15.9.2026

ШКВ Скопје72
Претседател, Инж. Илија Стошевски, ср